Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник расходно конто 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

**.Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија и се планира во буџетот на општината.

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програма Д0 – Градоначалник расходно конто – 464940 – трансфери при пензионирање.

**Член 19**

Исплата на име јубилејни награди и новогодишен надоместок ќе се врши од програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

“Локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии , врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација”.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или

повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на општина Демир Хисар ќе се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 26**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар", а ќе се применува од 01 јануари 2022 година.

Бр. 17-193/9 Совет на Општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/5 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 ........7/19) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16 и 10/19 ) Советот на општината Демир Хисар на 6-та седница одржана на ден 24.02. 2022 год. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За висината на благајничкиот максимум за 2022 година**

Член 1

Благајничкиот максимум за 2022 година се утврдува на износ од 50.000,00 денари , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2

Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3

Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од 6000,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во

„Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

Бр. 17-193/10 Совет на Општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/6 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11,192/15,209/18, 244/19,53/21,77/21, и 150/21) Советот на општина Демир Хисар на 6-та седница одржана на ден 24.02. 2022 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2022 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар -насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за | Најдоцна до 10ти Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| | основните параметри. | |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2022 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-193/11 Совет на Општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 до 31.12.2021 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 до 31.12.2021 година донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/7 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 до 31.12.2021 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-193/12 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност за менување на Годишен план за вработување за 2022 година на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за менување на Годишен план за вработување за 2022 година на Општина Демир Хисар донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/8 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
За давање на согласност за менување на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за менување на Годишниот план за вработување за 2022 година на Општина Демир Хисар со архивски број 13-761/1 од23.07.2021 година, за кој Министерството за информатичко опшество и администрација има дадено позитивно мислење со архивски број 09-3119/2 од 03.09.2021 година.

Член 2

Годишниот план од член 1 се става вон сила и се менува со Годишен план за вработување за 2022 година на Општина Демир Хисар со архивски број _________ од __________година, изготвен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, кој влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на позитивно мислење.

Бр.17-193/13 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација по барање на Никола Филиповски од с.Жван Општина Демир Хисар донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/10 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 155/2012), член 1 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бр. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2022 год. донесе

**ОДЛУКА**
*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**
Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден објект – индивидуален станбен објект (зграда 1) и помошен објект – (зграда 2) во идната планска документација, на КП бр. 2991, КО Жван по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Никола Филиповски одс. Жван, Демир Хисар.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17- 193/14Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација по барање на Владо Дранговски ул.Сотир Брбрвски бр.11 Битола донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/11 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно игради објекти, (Сл. Весник на РМ бр.155/2012), член 1 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2022год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден објект ( деловен објект зграда 2) во идната планска документација, на КП бр. 586, КО Белче, по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Владо Дранговски, ул.„ Сотир Брбевски “ бр.11, Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17 193/15Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација по барање на Пецо Пауновски ул.Гоце Делчев бр.68 Демир Хисар донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/12 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8од Законот за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно игради објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 155/2012), член 1 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бр. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2022год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изградениобјекти деловен објект(зграда 1) на КП бр. 1769/3 и 1769/5КО Демир Хисар и помошен објект (зграда 1) на КП бр. 1769/2 КО Демир Хисар во идната планска документација (Измена и дополна на ДУП за Блок 1 и Блок

2 Демир Хисар), по барање за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти на Пецо Пауновски ул.„Гоце Делчев“ бр.68 Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-193/16 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година донесен на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/13 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/ Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 24.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година бр.14-163/1 од 07.02.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-193/17Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2022 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за 2022 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесен на 6-та седница на Совет на

Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/14 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програма за работа за 2022 година на**
**ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа за 2022 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар донесена со Одлука на Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар бр.0202-473/4 од 28.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-193/18 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2022 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за 2022 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар донесен на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/15 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програма за работа за 2022 година на**

## ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа за 2022 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар донесена со Одлука на Управен одбор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.02-20/2 од 16.02.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-193/19 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување Решението за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар донесен на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/16 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, Советот на Општина Демир Хисар на 24.02.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1. Со ова Решение се дава согласност на Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.02-20/4 од 16.02.2022 година, утврдени со Одлука на Управниот одбор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

2.Согласноста е составен дел на Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.02-20/4 од 16.02.2022 година .

3.Решението за давање Согласност на Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-193/20 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на

Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2021 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2021 година донесен на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/17 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар за 2021 година**

1.СЕ УСВОЈУВА на Извештајот за работа на Полициската станица од општа надлежност Демир Хисар за 2021 година Дов.Бр.22.22.7.1-14/1 од 28.01.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-193/21 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово**

1.Ја објавувам за одобрување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово година донесена на 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/18 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/05,4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово

Член 1
Со оваа одлука се одобрува финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово, во износ од 60.000,оо денари.

Член 2
Раде Несторoски од с.Утово поднесе барање до Советот на општина Демир Хисар бр.17-207/1 од 21.02.2022 година за одобрување на финансиски средства потребни за покривање на трошоци за лекување.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-193/22 Совет на општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за определување на член на Советот на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство**

1.Го објавувам Решението за определување на член на Советот на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство бр. 08-159/1 од 04.02.2022 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/19 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 52 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ, бр. 05/2002) и член 76 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на член на Совет на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченост или отсуство**

**Член 1**
**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** лицето **Сандра Пејковска**, член на Совет на Општина Демир Хисар да го заменува Градоначалникот на општината во случај на спреченост или отсуство.

**Член 2**
Членот на Советот на општината од член 1 на ова решение за времето за кое е определен за замена на Градоначалникот ќе има овластувања од надлежност на Градоначалникот во согласност со закон.

**Член 3**
Функцијата член на Совет на Општина Демир Хисар ќе биде ставена во мирување на лицето од член 1 на ова решение за времето додека го

заменува градоначалникот на општината.

**Член 4**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар’’.

*Доставено до:*

- *Именуваната и*
- *Архива*

**Бр.08-159/1 Општина Демир Хисар**
**04.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за разрешување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ Демир Хисар бр. 08-131/1 од 31.01.2022 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/20 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02„) а во согласност со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр.161/2019„) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на ВД Директорот на ООУ„Даме Груев„с.Смилево Општина Демир Хисар**

1. ***Тоше Мијалков*** Професор по информатика и техничко образование, вработен во ООУ „Даме Груев„ с. Смилево општина Демир Хисар, се разрешува од функцијата ВД Директор на училиштето на ден 31.01.2022 година,

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

ДОСТАВНО ДО:

- Именованиот/та
- Архивата
- ООУ„Даме Груев„

**Бр.08-131/1 Општина Демир Хисар**
**31.01.2022 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за именување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар бр. 08-

139/1 од 01.02.2022 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/21 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02„) а во согласност со член 118 став 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр.161/2019„) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на ВД. Директор на ООУ„Даме Груев„-Смилево**
**Општина Демир Хисар**

***1.Мирјана Кондинска*** - Дипломиран учител, вработена во ООУ„ Даме Груев„ - Смилево општина Демир Хисар, се именува на функцијата ВД. Директор на училиштето на ден 01.02.2022 година .

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

ДОСТАВНО ДО:
- Именованиот/та
- Архивата
- ООУ„Даме Груев„- Смилево

**Бр.08-139/1 Општина Демир Хисар**
**01.02.2022 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за разрешување на Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр. 08-92/1 од 24.01.2022 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/22 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02„) а во согласност со член 21 од Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директорот на ЈКП „Комуналец“**
**Демир Хисар**

1. Ацко Трајковски досегашен Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар се разрешува од функцијата Директор на ЈКП „Комуналец“ сметано од 24.01.2022 година по негово барање.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

Доставено до:
- именованиот
- Архива на општина Демир Хисар
- Архива на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар

**Бр.08-92/1 Општина Демир Хисар**
**24.01.2022 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за именување на ВД Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на ВД Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр. 08-93/1 од 25.01.2022 година донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-251/23 Општина Демир Хисар**
**28.02.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02„) а во согласност со член 21 од Статутот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на ВД Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.За ВД Директор на ЈКП „Комуналец Демир Хисар се именува Гоце Мицковски од с.Сопотница Дипломиран економист.

2.Мандатот ВД Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар започнува од 25.01.2022 година, а ќе трае до изборот на Директор, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

ДОСТАВНО ДО:
- Именованиот
- Архива на општина Демир Хисар
- Архива на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар

**Бр.08-93/2 Општина Демир Хисар**
**25.01.2022 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

--------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за набавка на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар------------------------------------------1-2
2.Буџет на Општина Демир Хисар за 2022 година-------------------------------------------2
3.Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година------------------------------------------3
4.Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година--------4-9
5.Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година------------------9-10

6.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година----------------------------------10-11
7.Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година------------11-12
8. Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година-----12
9.Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Никола Филиповски од с.Жван Демир Хисар-----------13
10.Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Владо Дранговски ул.Сотир Брбевски бр.11 Битола-14
11.Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Пецо Пауновски ул.Гоце Делчев бр.68 Демир Хисар—14-15
12.Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година-------------------------------------------------15
13.Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година-----------------------------------------16
14.Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2022 година----------------------------------------------16-17
15.Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс- Демир Хисар-------------------------------------
16.Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2021 година-------------------------------------------------17
17.Одлука за доделување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово—18-19
18.Решение за определување на член на Советот на Општина Демир Хисар кој ќе го заменува Градоначалникот на Општина Демир Хисар во случај на спреченоет или отсуство---------19-20
19.Решение за разрешување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар---------------------------------------20
20. Решение за именување на ВД Директор на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар---------------------------------------21
21.Решение за разрешување на Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-----------------21-22
22. Решение за именување на ВД Директор на ЈКП „Комуналец„ Демир Хисар-----------22

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**